# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**01.08.2014 год.** **Бр.VIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 20-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 31.07.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на дваесеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 31.07.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-648/1 од 01.08.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 20-та седница, одржана на 31.07.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 19-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 09.06.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-635/3 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за доделување на стипендија на двајца студенти од Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крушево, одобрува да се додели стипендија на двајца студенти од Општина Крушево кои се запишани на додипломски студии на некоја високо образовна институција во Република Македонија во учебната 2014/2015 година.

**Член 2**

Советот на Општина Крушево ќе донесе Правилник со кој ќе се утврдат критериумите за доделување на стипендија.

Општина Крушево ќе објави Оглас на веб-страната на општината и на огласна табла за пријавување на интерес.

Градоначалникот на Општина Крушево ќе формира комисија за разгледување на пристигнатите документи.

По изборот на стипендистот, Градоначалникот на Општина Крушево ќе склучи посебен Договор со стипендистот.

**Член 3**

Стипендијата ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, за девет месеци во годината, се до дипломирањето.

**Член 4**

Стипендистот се обврзува редовно да го запишува секој семестар, редовно да ги полага испитите и за тоа редовно да доставува известување од факултетот до Општина Крушево.

Доколку стипендистот не се придржувана одредбите од став 1 на овој член, се обврзува средствата дадени како стипендија да ги врати на сметката на Општина Крушево во рок од еден месец по неисполнувањето на условот од став 1 на овој член.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

**Бр.07-635/4 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Согласно член 26 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ"бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011, 53/2011, 144/2012, 55/2013, 163/2013 и 142/14 год), член 22 став 1 точка 1и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево" бр. 1/2007) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 год. донесе:

**О Д Л У К А**
***за донесување на деталниот урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 за БЛОК 9.1- дел, БЛОК 9.2- дел, БЛОК 9.3 и БЛОК 9.4***
***Општина Крушево***

**Член 1**

Се донесува деталeн урбанистички план за дел од ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 за БЛОК 9.1- дел, БЛОК 9.2- дел, БЛОК 9.3 и БЛОК 9.4 - Општина Крушево, со површина на плански опфат (2,97 ха) изработен од " Перкан Проект " дооел Прилепи со тех.бр. 24/14 од мај 2014 и плански период 2014-2019 год .

**Член 2**

Деталниот Урбанистички План за дел од ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 за БЛОК 9.1- дел, БЛОК 9.2- дел, БЛОК 9.3 и БЛОК 9.4 - Општина Крушево, ќе бидат заверени од страна на Претседателот на Совет на Општина Крушево .

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Одделениeто за урбанизам, градежништво, комунално уредување и заштита на животната средина при Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-635/5 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на Р.М." бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 1 (еден) час во траење најмногу до три дена за одредени туристички, културни и друг вид манифестации.

**Член 3**

Продолжувањето на работното време на угостителските објекти од член 2 на оваа Одлука ќе биде:

- 03 и 04.08.2014 година, во рамките на манифестацијата „Десет Дена Крушевска Република".

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-635/8 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-554/1 од 24.06.2014 година од Кенеди Србиноски од с.Бучин Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 20.000,00 (дваесет илјади)** денари по барање бр.07-554/1 од 24.06.2014 година од Кенеди Србиноски с.Бучин Општина Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.200001944155957, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-635/9 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-643/1 од 29.07.2014 година од Фикрет Алитоски од с.Алданци Општина Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади) денари по барање бр.07-634/1 од 29.07.2014 година од Фикрет Алитоски с.Алданци Општина Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.300027025132788, депонент Комерцијална Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-635/10 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-561/1 од 26.06.2014 година од Храм Пресвета Богородица Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 31.07.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 20.000,00 (дваесет илјади)** денари по барање бр.07-561/1 од 26.06.2014 година од Храм Пресвета Богородица Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.240200361060306, депонент УНИ Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-635/11 од 31.07.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на дваесеттата седница на Советот на Општина Крушево ...................................................... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 19-та седница на Советот на Општина Крушево .................................................... .......................1
3.Одлука за доделување на стипендија на дајца студенти од Општина Крушево ........................ 1
4. Одлука за донесување на детален урбанистички план за градска четврт 9 за блок 9.1-дел, блок 9.2-дел, блок 9.3 и блок 9.4 Општина Крушево ............................................ 2
5. Дополнување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2014 година ............................................................... 2
6. План и Програма за управување со отпад во Општина Крушево за период 2014-2019 .......... 16
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ................................ 60
8. Решение за исплата на финансиски средства на Кенеди Србиноски од с.Бучин ..................... 61
9. Решение за исплата на финансиски средства на Фикрет Алитоски од с.Алданци ................. 61
10. Решение за исплата на финансиски средства на Храм Пресвета Богородица Крушево ....... 61
Редакциски одбор на Општина Крушево.